# „Никој од вас нема да има вистински иман сè додека неговите страсти не се покорат на она со што сум пратен.“

Абдулах бин Амр бин Ел-Ас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој од вас нема да има вистински иман сè додека неговите страсти не се покорат на она со што сум пратен.“

[قال النووي: حديث صحيح] [رويناه في كتاب الحجة بإسناد صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека човекот нема да биде верник со потполн и задолжителен иман, сè додека неговата желба и тоа што го посакува не биде во согласност со она што го донел Пратеникот – било тоа да е наредба или забрана. Тој треба да го сака она што Тој го наредил, и да го мрази она што Тој го забранил.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee